**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

01-1639/1

21.12 2022 год./viti

Republic of
NORTH MACEDONIA

DTIDZ FREE ZONES

# ГОДИШЕН ПЛАН
# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ВО ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ
# ЗА 2023 ГОДИНА

Скопје, 2023 година

INTERCERT CERTIFIED ISO 37001 ABMS

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

Сертификација МКС EN ISO/IEC 17021-1 CT - 009 Certification

## 1. Вовед

Како резултат на заложбите на Владата на Република Северна Маедонија во борбата против корупцијата, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони го изготви Годишниот план за проценка на ризици од корупција, кој има за цел да ги олесни напорите и заложбите во борбата против корупција и да придонесе за успешно спречување со корупцијата и последиците кои произлегуваат од неа, а кои влијаат на разградувањето на општествениот систем и основните општествени вредности, ја уриваат демократијата и го попречуваат владеењето на правото преку злоупотреба на институционалните капацитети во корист на остварување на нелегални цели и интереси.

Корупцијата речиси секогаш се поврзува со стекнувањето на противправна лична корист на поединец или група на штета на јавните финансии и воопшто јавниот интерс во земјата. Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни историски, психолошки, економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Во Законт за спречување на корупција и судир на интереси на Република Северна Македонија ("Службен весник на РСМ бр.12/19") е уредено дека: "Под корупција, во смисла на овој закон, се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг." Понатаму, "Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности", додека пак под поимот „интегритет" се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции. Оттаму можеме да заклучиме дека интегритетот и корупцијата се две спротиставени појави, односно дека секое коруптивно дејствие подразбира кршење на интегритетот, а од друга страна не секое кршење на интегритетот значи и коруптивно однесување.

Интегритетот е прашање кое е од суштествено значење и има влијание на легитимитетот и капацитетот за ефикасно исполнување на основната мисија, визија и целта на работењето на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ги почитува сите релевантни закони поврзани со спречување на корупција и мито, како и сите релевантни закони за финансиско работење, внатрешна ревизија, заштита на дојавувачи и општите закони за вработени во јавниот сектор и административни службеници.

Раководството и сите вработени во Дирекцијата се должни постојано да се однесуваат етички и во процесот на извршување на нивните работни задачи се должни совесно, одговорно, стручно и непристрасно да ги почитуваат и спроведуваат законските прописи, подзаконски акти и интерните документи на Дирекцијата.

Сите вработените се подеднакво посветени преку промовирање на културата на спречување на корупцијата и судирот на интереси да се олесни откривањето на случаите на корупција и обезбеди навремено и правилно решавање на таквите случаи.

## 2. Цел

Основна цел на донесувањето на овој Годишен план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони е оневозможување и во најголем степен намалување на коруптивните дејствија во Дирекцијата, како и зајакнување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста во сите организациони единици во Дирекцијата. Овој документ пред се има превентивна функција, односно претставува патоказ за намалување на ризиците од корупција, а неговата имплементација ќе придонесе кон остварување не само на институционалната, туку и на пошироката општествена цел за зајакнување на интегритетот и борбата против корупцијата.

## 3. Што е корупција

Под корупција во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони се подразбира:

- злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба со цел да се оствари корист директно или преку посредник за себе или некој друг;
- пасивна корупција е намерно делување на службеното лице, кое директно или преку посредник бара или прима корист од било каков вид за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши своите надлежности спротивно на службените обврски;
- активна корупција е намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник ветува или дава корист од било каков вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски;
- Корист претставува остварување на секој вид материјална или нематеријална придобивка, погодност или предност за себе или за друг.
- Судир на интереси подразбира состојба во која службеното лице има свој приватен интерес што влијае или би можело да влијае врз непристрасно вршење на неговите јавни овластувања и службени должности.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони е посветена на одржување на високи правни, етички и морални стандарди, почитување на принципите на интегритет, објективност и непристрасност и со својот начин на работа се бори против корупцијата и судирот на интереси.

**За таа цел Дирекцијата го имплементираше меѓународниот Стандард за спречување корупција ISO 37001:2016 – Систем за управување со антикорупција и има донесено Политика за спречување на корупција.**

## 4. Правни прописи од областа на корупцијата

Во Република Северна Македонија постојат неколку закони кои се однесуваат на корупцијата меѓу кои најзначајни се: Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Кривичниот законик, Законот за заштита на укажувачи и Законот за лобирање. Во заложбите на меѓународната заедница во борбата против корупцијата се донесени Конвенцијата на обединетите нации против корупција и Цивилн конвенција за спречување корупција. Нашата држава ги има ратификувано овие меѓународни документи и истите се дел од домашното законодавство.

## 5. Антикорупциска политика – политика за интегритет на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони

Борбата против корупцијата не е едноставен процес, туку подразбира ангажман на целото општество и иницијативност на сите нивоа. Секој поединец има законска и морална обврска да се бори против корупцијата. Ова не значи само препознавање на корупцијата и воздржување од коруптивни дејствија, туку и пријавување на случаи кога постојат основани сомнежи за корупција. Од таа причина посебен акцент во справувањето со корупцијата во Дирекцијата е ставен токму на унапредување на професионалниот интегритет на вработените кои при извршување на задачите треба да применуваат соодветни знаења, етичко однесување, чесност и да работат во полза на јавниот интерес како и да постапуваат согласно прописите, правилата и професионалните стандарди кои се применуваат во Дирекцијата. Секој вработен во Дирекцијата треба да покажува висок степен на интегритет и способност да се спротивстави на корупцијата.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ги почитува сите релевантни закони поврзани со спречување на корупција и мито, како и сите релевантни закони за финансиско работење, внатрешна ревизија, заштита на дојавувачи и општите закони за вработени во јавниот сектор и административни службеници.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони не толерира коруптивно однесување, односно искористување на функцијта, јавното овластување, службената должност и положба за остварување н било каква корист на вработените и/или негов близок.

Дирекцијата за технолошки индистриски развојни зони не толерира било каква форма на неетичко и неморално однесување забрането со Закон.

Директорот и раководните лица во Дирекцијата се одговорни за проценка и отстранување на ризиците кои што придонесуваат за корупција, проневера, поткуп, судир на интереси како и користење на влијанија и врски со цел добивање на повластен третман или било кава друга форма на неетички и незаконско однесување.

Дирекцијата поттикнува анонимно пријавување на случаи на корупција.

Дирекцијата е насочена кон заштита на оние кои ќе пријават сомнеж за корупција или поради одбивање на мито со добра намера. Се забранува откривање или овозможување откривање на идентитет на укажувач, освен кога тоа се бара со судска одлука.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони е посветена кон примена на највисоки стандарди на отвореност, интегритет и одговорност.

Вработените од Дирекцијата може да примаат и даваат подароци и гостопримство од трети страни кои се во линија на одредбите од Прирачникот за вработени и поврзаните процедури од системот за управување во Дирекцијата.

Подароци кои се условени со противвредност и/или противуслуга кон трети лица, односно привлекуваат обврска на вработен во Дирекцијата да вети нешто во корист на трета страна или да направи нешто во корист на трета страна, што инаку не би смеел да го даде, вети или направи се недозволени.

Дирекцијата организира тренинзи за своите вработени со цел обука и запознавање на вработените со механизмите за спречување на корупција.

Политиката за спречување корупција и Прирачникот за вработени за спречување на корупција, се однесуваат на сите вработени и ангажирани лица на сите нивоа во Дирекцијата, како и на сите поврзани лица.

Определбата на Дирекцијата за нула толеранција за мито и корупција е споделена со сите вработени, ангажирани лица и поврзани лица, добавувачи и корисници од самиот почеток на соработката со нив и со нив се споделуваат сите промени во Политиките направени потоа.

Дирекцијата постојано ќе следи и доколку има потреба ќе направи промени каде што е потребно со цел подобрување на системот за спречување на корупција и усогласување со релевантните локални закони.

## 6. Области каде најчесто постои ризик од корупција

Дирекцијата ќе го развива воспоставениот систем на проценка на ризик од појава на корупција во сите сегменти од нејзиното работење. Изготвувањето на вакви проценки во голема мера ќе го стесни коруптивниот простор и ќе овозможи механизмите за надзор и контрола во работата да бидат поефикасни во превенирањето но и во откривањето на случаите на корупција.

Внатрешната или надворешната слабост или постапка од било кој вид која претставува можност за појава на корупција во рамките на Дирекцијата, ќе биде дел од анализите и процесот на управување со ризици од корупција, кои ќе ја зајакнуваат отпорноста на институцијата од овие појави.

Области каде начесто постои ризик од корупција во Дирекцијата се постапките за вработување и унапредување, постапките за јавни набавки и финансиското управување и контрола.

За проценка и идентификација на ризичните места подлежни на корупција ќе бидат раководителите на организационите единици. Со цел јакнење на индивидуалниот и институционалниот капацитет во постапката на само – проценка на високоризичните

процеси во Дирекцијата секоја година се изготвува Регистер на ризици кој ги содржи следните податоци:

- Идентификуван ризик;
- Сериозност на ефектот;
- Веројатност на негово појавување;
- Вид на ризик;
- Одговорните лица и
- Мерките за отстранување.

Регистарот на ризици кој го изработува Дирекцијата е составен дел на имплементираниот стандард ISO 37001:2016

## 7. Активности за спречување на корупција

1. Почитување на воведените процедури за работа и извршување на работните должности согласно меѓународниот Стандард за спречување корупција ISO 37001:2016 и Системот за управување со квалитет во работата ISO 9001: 2015;
2. Потпишување на изјави од страна на сите вработени и ангажирани лица во Дирекцијата дека извршувањето на своте работни задачи и активности ќе го вршат во согласност со меѓународниот Стандард за спречување корупција ISO 37001:2016 и Системот за управување со квалитет во работата ISO 9001: 2015;
3. Почитување на Уставот и Законите на Република Северна Македонија;
4. Почитување на Кодексот на административни службеници, Кодексот за етички стандарди на Дирекцијата, Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата на Република Северна Македонија и носителите на јавните функции именувани од страна на Владата на РСМ;
5. Јакнење на интегритетот на вработените;
6. Превземање дисциплински мерки против лица кои се однесуваат коруптивно, недозволиво, незаконски и неетички.
7. Промена на актот за систематизација и предвидување одговорност за сите раководни лица за секојдневно управување со ризикот од корупција и судир на интереси.
8. Разгледување на сите случаи за сомневање за корупцијата и судирот на интереси или вистински настаната корупцијата и судирот на интереси со цел подобрување на системот на внатрешна контрола.
9. Спроведување политика на нулта толеранција за корупцијата и судирот на интереси и воспоставување јак систем за контрола во спречувањето и откривањето на корупцијата и судирот на интереси, до најголем можен степен, како и за намалување на нивниот ефект, доколку се случат.

Дирекција за технолошки индустриски
развојни зони
Директор
Јован Деспотовски